**Димитрије Бужаровски**

# Коментари од анализите на текстуалниот и музичкиот дел на песната „Излегол е Груица војвода“

1.
Песната „Излегол е Груица војвода“ припаѓа на гусларската традиција:
- јуначка епска песна
- 12 минути, 130 стиха, 27 строфи
- основа јамб пентаметар (десетерец)
- хетерофонија околу музички шаблон
- голем број на орнаменти

2.
Најверојатно е донесена од гусларите од Битола и Прилеп и преработена во локалниот дијалект
(Пенушлиски, Кирил. 1980. *Малешевски фолклор*. Скопје:МАНУ стр.50)

3.
Можно да била придружувана и со кемане
(поприсутен инструмент во Малешевијата)

4.
Два мотива во содржината:
- неверството на Ангелина
- палењето на Ангелина

5.
Ангелина не е директно наведена како жена на Груица
(се употребува епитетот – неговата)

6.
Не е јасно како Ангелина е станата „турска посестрима“

7.
Заедничко им е детете Мијаилче
- тој го испраќа кај „мајка му“
- а таа му вели дека е ист како „татко му“

8.
Пенушлиски објавува текстуална варијанта на песната
- изведена од Дуческа Ленка од Берово (50 години)
број 151 (Пенушлиски, 1980:192)

9.
Името и презимето на пејачката на оваа песна Пенушлиски го води како:
- Марика В'чковска – Арнаутката (67 години)
- Марија В'чковска – Арнаутката
- В'чкоска
- Мара В'лковска (Пенушлиски, 1980:20)

10.
Одлучивме да користиме – Марика В'чковска – Арнаутката,
според текстот што ги придружува лентите запишан непосредно по снимањето (1963-1964 година)

11.
Строфите се со нееднаков број на стихови од 3 до 8

12.
Содржинско прелевање во строфите:
- повторување на последниот стих од претходната строфа
- продолжување (заокружување) на содржината од претходната строфа

13.
Јамбовиот пентаметар е некаде скратен во јамбов тетраметар

14.
Почетниот стих со извик, кој не се брои во десетерецот

15.
Се појавуваат и неутралните „ле“ и „мори“ кои не се бројат во десетерецот

16.
Во пеењето додадена согласката „ј“:
- Грујица, Јангелина, је, моје

17.
Васил Хаџиманов направил мелограм кој не го користевме



(БужАр – *Мелограмска колекција Хаџиманов* бр. 8756)

18.
Мелограмот на целата песна содржи вкупно 724 такта и е направен поради:
- хетерофонијата
- промената во бројот на стихови во строфата
- слободната и променливата употреба на орнаментите

19.
Јамбот одговара на 5/8 метар (2+3)

20.
Музичката форма на строфите содржи четири дела:
(1) извик на почетокот (во првата, 13 и 16 строфа „Ој мори“,  во останатите „Ај“,
10, 12, 21 и 23 строфа се без извик)
(2) почетен стих/дел,
(3) среден дел кој се повторува повеќе пати во зависност од бројот на стиховите во строфата
(4) завршен стих/дел

21.
Хетерофонијата во интерпретацијата на деловите

22.
Бројна употреба на најразлични орнаменти

23.
Орнаментите одговараат на честите украси во гусларската традиција

24.
Основата на мелодиската линија е поставена во тетрахорд, со додавање на уште еден тон (голема секунда) нагоре

25.
*Nota finalis* е второто стапало од тетрахордот